**Одлука бр.8**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на таксата за лиценцирање**
**на тениски судиии при ТФСМ во 2023 година**

**Член 1**

За натпреварувачката 2023 година сите судии кои ќе бидат ангажирани од страна на ТФСМ, треба да имаат Лиценца за работа.
Само лиценцираните судии ќе бидат вклучени во работата на ТФСМ.
Издадената лиценцата ќе важи за тековната календарска година и е задолжителна за судиите од сите нивоа.

**Член 2**

Тениските судии за да добијат Лиценца на почетокот на 2023 година обврзани се кон ТФСМ да ја подмират таксата за годишната лиценца во висина од 1.250 денари

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила со нејзиното донесување и се однесува за 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година